Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

# Спроведување на анализа на потребите

## -Опис на работната задача-

**ИМЕ НА ПРОЕКТОТ**: Развој на еколошко истражувачко новинарство во Република Македонија (IPA/2015/370-710)

**ДОНАТОР**: Делегација на Европска Унија во Република Македонија грантова шема "Поддршка на граѓанските организации Акција 2014 за градење на капацитетите на граѓанските организации и слобода на медиумите**"** -Europe Aid/136-992/DD/ACT/MK

**СПРОВЕДУВАЧ**: ФЛОРОЗОН – ЦЕНТАР ЗА ЕКОЛОШКА ДЕМОКРАТИЈА

**ЛОКАЦИЈА**: Република Македонија

### *Основни податоци*

ЦЕД Флорозон, формирана во 2005 година, е невладина, непрофитна и независна организација која што работи на промоција и заштита на пристапните права до животната средина на граѓаните, развојот на еколошката демократија и намалувањето на сиромаштијата. Исто така, организацијата активно работи на промоција на човековите права за здравствена заштита, побезбедна животна околина и подобрување на квалитетот на живот, како на домашно, така и на меѓународно ниво. Активностите на ЦЕД Флорозон вклучуваат и други области кои што се поврзани со животната средина како што е земјоделството и руралниот развој. ЦЕД Флорозон е членка на Иницијативата за пристап (TAI), Европскиот Еко-Форум и е партнер на EMLA од Унгарија, Светскиот Институт за Ресурси(WRI) од Вашингтон и Access Info Europe од Шпанија.

### *Цел на проектот:*

Сеопфатната цел на овој проект е зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и медиумите во Република Македонија.

This project is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014
EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

***Специфични цели:***

- развој на истражувачко новинарство базирано на соработка помеѓу граѓанските организации и медиските куќи;
- создавање на функција на надгледувач која ќе се спроведува преку воведување на иновативни алатки за граѓанско новинарство;
- подобрено еко-новинарство засновано на соработка, вмрежување, размена на релевантни информации како и овозможување на финансиска поддршка.

За да се постигнат горенаведените цели, се очекува проектот да ги испорача следните резултати:

*Резултат 1*: Изградени капацитети на сите чинители засегнати со проектот во однос на обезбедување на релевантни информации поврзани со животната средина во Република Македонија

*Резултат 2*: Воспоставено и целосно функционално партнерство помеѓу граѓанските организации и медиумите.

*Резултат 3*: Подобрен пристап до релевантни информации поврзани со животната средина до јавноста преку воведување на ефикасни методи на граѓанско и истражувачко новинарство.

## ПОЗАДИНА НА АНАЛИЗАТА НА ПОТРЕБИТЕ

За да се постигнат очекуваните резултати на програмата, ќе се определи формата и содржината на активностите за подигање на капацитетите. Тоа ги вклучува постоечките капацитети на граѓанските организации кои работат на полето на животната средина, медиумите, медиумските организации и нивни претставници како и организации кои работат на заштита на маргинализираните групи. Покрај тоа, оваа работна задача ќе изврши и проценка на изведливоста на “DRY-RUN”[1]програмата, активности за подигање на јавната свест како и активности поврзани со застапување. Важно е да се обезбедат основни податоци за следното:

(1) постоечкиот капацитет на таргет групите за прашања кои се однесуваат на животната средина (легислатива, правилници, процедури)
(2) постоечкиот капацитет на таргет групите за прашања поврзани со медиумите (ниво на соработка, извори на информации, препреки и ограничувања во известување на проблеми кои се однесуваат на животната средина итн.)

[1]Експертот(ите) со кои ќе биде склучен договор дополнително ќе бидат запознаени со сите релевантни информации за активностите

This project is funded under the grant scheme “Support to Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014
EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

(3) ниво на знаење на општата јавност во однос на животната средина и заштита на истата.

## 3. ЦЕЛИ НА АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ

- Да се дефинираат потребите за обука на таргетираните групи, вклучувајќи ги нивните постоечки капацитети и очекувања, споредено со планираните активности за обука за да се откријат препреките во остварувањето на целите.

## 4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ

Анализата на потребите ќе даде целосно појаснување на следното:

- Колкав е моменталниот капацитет на таргет групите вклучувајќи го постоечкото знаење и вештини за ефикасно еколошко истражувачко новинарство
- Колку планираните активности за обуки соодветствуват со целите
- Препораки за спроведување на програмата за обука во однос на активностите за градење на капацитети

## 5. ТАРГЕТ ГРУПИ

Граѓански организации кои работат на полето на животната средина, граѓански организации кои ги застапуваат интересите на маргинализираните групи и претставници на медиумите и нивните куќи.

## 6.ЛОКАЦИЈА

Република Македонија

## 7. ПЛАН И ОБЕМ НА РАБОТА

- Прибирање на информации за моменталната улога и одговорности на претставниците на таргет групите во однос на соработка со медиумите и дисеминација на информациите.
- Прибирање на информации за постоечката транспарентност на буџетотот за животна средина, здравство и “еко-социјалниот“ статус на маргинализираните групи
- Препораки за планираните активности за обука на таргет групата.

,

This project is funded under the grant scheme “Support to Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014
EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

## 8. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Методологијата е базирана на комбинација од канцелариско истражување, работа на терен, квантитативни и квалитативни методологии за да се добијат потребните податоци. Тоа подразбира темелни разговори со клучните чинители (за нивниот број и избор ќе биде дискутирано со избраниот консултантски тим), дискусии на фокус група со максимален број на учесници од 8 до 10. Онаму каде што ќе се смета потребно и корисно за прибирање на податоци, може да се користат и прашалници. Тимот на консултанти мора да поднесе понуда, каде што детално ќе се наведе методологијата и алатките кои се користат.Севкупната документација за теренско истражување мора да биде поднесена до проектниот тим пред почеток на активностите.

## 9. ИЗБОР НА ТАРГЕТ ГРУПА

Таргет групата треба да содржи најмалку: четири невладини организации кои работат на полето на животната средина, тројца претставници на медиумите, една невладина организација која ги застапува правата на маргинализираните групи како и тројца претставинци на општата јавност.

## 10. ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Ќе се направи квалитативна анализа на податоците на основа на резултатите добиени од темелните разговори и групните дискусии. Квантитативна анализа на податоците ќе се направи со било кој софтвер за кој ќе се докаже дека е ефикасен за анализа на потребите.

*Очекуван резултат:*

Финалниот извештај треба да ја следи следната шема:

Вовед – Биографија и цел на консултантските услуги – Краток Опис на Проектната Методологија и алатки користени за таа цел – Ограничувања и препреки на студијата – Опис на спроведената работа – Сруктура на спроведената работа – Опис на теренската работа.

План на работа; Листа на лица/институции кои ќе бидат интервјуирани; прашалници, анкети и други алатки; листа на користена литература.

## 11. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Временската рамка за спроведување на активноста “Анализа на потребите на преоктната таргет група“ е 14 дена, почнувајќи од денот на потпишување на договорот со најуспешниот понудувач. Предвидено е ангажирање на двајца консултанти по 8 работни дена.

This project is funded under the grant scheme “Support to Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014
EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

## 12. НАЧИН НА КООРДИНАЦИЈА

ЦЕД Флорозон на консултантите ќе им ги обезбеди сите релевантни и ажурирани податоци потребни за успешно спроведување на активностите.

## 13. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ИСТРАЖУВАЧКИОТ ТИМ

***Потребни квалификации:***

- Широко искуство во спроведување на анализа на потребите и спроведување на квалитативно и квантитативно истражување во полето на социолошки студии (кандидати со магистерски трудови и/или докторски дисертации ќе имаат предност);

- Екпертско познавање на прашањата кои се однесуваат на животната средина (политики, легислатива, правилници, процедури, итн.), (кандидати со високо образование во областа на заштитата на животната средина ќе имаат предност);

-Искуство во соработка и односи со медиумите;

-Искуство во развој на програма и обуки ќе се смета за предност;

- Познавање на Македонски и Англиски јазик.

## 14. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРИМЕНИТЕ ПОНУДИ

| | |
|---|---|
| 1. Методологија и организација | **40 поени** |
| 2. Работна биографија | **30 поени** |
| 3. Цена | **30 поени** |

## 15. ПОСТАПКА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Заинтересираните консултантски институти/компании и/или индивидуални консултанти кои работат индивидуално и/или со тим, мора да поднесат понуда за консултантски услуги (план на активности, примерок од истражување, истражувачка методологија, временска рамка и

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

буџет) ажурирани работни биографии на членовите на тимот кои треба да се испратат до ЦЕД ФЛОРОЗОН, по електронски пат на следната маил адреса: ivana@florozon.org.mk и contact@florozon.org.mk, или да ја контактираат канцеларијата на проектот телефонски на 025208249 или лично на адреса Ул. Васил Ѓоргов бр. 11 (втор спрат)

**Датум на затварање на приемот на апликации е 2ри Февруари 2016 година.**